Народна банка на Република Северна Македонија
Дирекција за статистика

Скопје, 18 јануари 2024 година

Соопштение за печат

Монетарни движења во Република Северна Македонија: декември 2023 година

– **Паричната маса (монетарниот агрегат М3[1,2])** бележи месечен раст од 4,5% во декември, пред сè поради растот на депозитните пари, при помал позитивен придонес на готовите пари во оптек и долгорочните депозити до две години, додека краткорочните депозити забележаа пад. На годишна основа, паричната маса е повисока за 5,9%, во најголем дел поради повисоките депозитни пари, а во позитивна насока влијаат и останатите компоненти.

– Во декември, **вкупните депозити[3]** остварија месечно и годишно зголемување од 4,0% и 8,7% соодветно, коешто се должи на придонесот на депозитите на двата сектора, со поизразен придонес на секторот „домаќинства".

Табела 1. Парична маса и вкупни депозити на недржавниот сектор

	состојба (во милиони денари)			годишна промена (во %)						месечна промена (во %)					
	12.2022	11.2023	12.2023	12.2022	3.2023	6.2023	9.2023	11.2023	12.2023	12.2022	3.2023	6.2023	9.2023	11.2023	12.2023
Парична маса М4	**547,355**	**570,391**	**594,975**	**5.1**	**6.9**	**11.4**	**8.8**	**7.4**	**8.7**	**3.0**	**-0.6**	**1.3**	**-0.1**	**0.8**	**4.3**
Парична маса М3	**499,803**	**506,484**	**529,087**	**5.3**	**6.6**	**10.0**	**5.9**	**4.1**	**5.9**	**2.8**	**-1.0**	**0.9**	**-0.5**	**0.7**	**4.5**
од кои:															
Готови пари во оптек	47,494	46,500	49,826	6.8	6.3	9.4	6.1	7.3	4.9	9.6	1.4	2.1	-0.4	-0.8	7.2
Депозитни пари	188,036	192,159	211,402	5.8	10.4	15.8	8.5	6.3	12.4	4.1	-1.2	1.1	-0.5	1.6	10.0
Краткорочни депозити	214,490	216,906	215,859	6.8	4.6	4.8	4.1	2.1	0.6	0.9	-1.3	0.6	-0.6	0.4	-0.5
Долгорочни депозити до 2 години	49,782	50,920	52,000	-3.8	2.5	13.4	4.4	2.3	4.5	0.0	-1.1	0.8	-0.2	0.3	2.1
Вкупни депозити	**491,537**	**513,622**	**534,240**	**4.9**	**6.8**	**11.5**	**8.9**	**7.2**	**8.7**	**2.6**	**-0.9**	**1.2**	**-0.2**	**0.9**	**4.0**
од кои:															
Корпоративен сектор	142,627	151,501	161,432	3.7	5.9	19.7	15.7	9.8	13.2	3.3	-2.2	1.3	-1.4	2.1	6.6
Во денари	94,395	100,683	109,266	2.5	6.7	19.0	11.1	7.7	15.8	1.0	-2.4	2.1	-1.5	2.8	8.5
Во странска валута	48,232	50,818	52,166	6.1	4.4	21.0	25.8	14.0	8.2	8.2	-1.9	-0.3	-1.1	0.9	2.7
Домаќинства	323,084	336,964	348,745	5.8	8.4	8.8	6.8	7.1	7.9	2.7	0.1	1.2	0.9	0.4	3.5
Во денари	155,215	163,051	173,543	2.2	9.9	14.1	10.9	11.6	11.8	6.2	0.6	1.9	1.3	0.8	6.4
Во странска валута	167,869	173,914	175,201	9.3	7.0	4.3	3.3	3.2	4.4	-0.3	-0.3	0.5	0.6	0.0	0.7

Извор: НБРСМ.

[1] Почнувајќи од јуни 2018 година, Народната банка го користи монетарниот агрегат М3 како нова стандардна дефиниција за паричната маса. За аналитички цели и натаму ќе се пресметува и ќе се објавува монетарниот агрегат М4.
[2] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 е составен од монетарниот агрегат М1 заедно со краткорочните депозити, додека монетарниот агрегат М3 (паричната маса), покрај монетарниот агрегат М2, ги вклучува и депозитите со достасаност од една до две години. Следствено, монетарниот агрегат М4 ги содржи монетарниот агрегат М3 и долгорочните депозити со достасаност над две години. За подетално објаснување, види ја Методологијата:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_07_2018_mak.pdf
[3] Вкупните депозити ги сочинуваат сите депозити вклучени во монетарниот агрегат М4.

– Во декември, **вкупните кредити** бележат месечен раст од 1,3%, којшто е резултат на зголеменото кредитирање на двата сектора, со поголем придонес на корпоративниот сектор. Годишниот раст на вкупните кредити изнесува 5,1% и произлегува од зголеменото кредитирање на двата сектора, поизразено кај секторот „домаќинства".

Табела 2. Вкупни кредити на недржавниот сектор

	состојба (во милиони денари)			годишна промена (во %)						месечна промена (во %)					
	12.2022	11.2023	12.2023	12.2022	3.2023	6.2023	9.2023	11.2023	12.2023	12.2022	3.2023	6.2023	9.2023	11.2023	12.2023
Вкупни кредити	**423,114**	**438,977**	**444,721**	**9.4**	**6.6**	**6.5**	**5.8**	**5.2**	**5.1**	**1.4**	**0.7**	**1.1**	**0.4**	**0.3**	**1.3**
од кои:															
Корпоративен сектор	205,974	208,241	212,768	11.5	6.2	6.5	5.1	3.8	3.3	2.6	0.5	1.2	0.5	-0.1	2.2
Во денари	122,377	127,654	131,089	6.8	1.9	3.8	6.5	7.9	7.1	3.5	0.2	1.4	1.0	0.7	2.7
Во странска валута	83,598	80,587	81,679	19.3	12.9	10.8	3.1	-2.2	-2.3	1.4	0.9	0.9	-0.2	-1.3	1.4
Домаќинства	214,965	228,172	229,404	7.3	6.8	6.4	6.4	6.5	6.7	0.3	0.8	0.9	0.3	0.7	0.5
Во денари	119,178	125,264	125,224	5.2	4.0	3.2	4.0	4.9	5.1	-0.2	0.6	0.5	0.2	0.7	0.0
Во странска валута	95,786	102,908	104,180	10.2	10.6	10.7	9.5	8.5	8.8	1.0	0.9	1.5	0.5	0.7	1.2

Извор: НБРСМ.





Извор: НБРСМ.

1. Депозити и кредити на корпоративниот сектор[4]

Извор: НБРСМ.

[4] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор ги опфаќа јавните и приватните нефинансиски друштва.

– Во декември, **вкупните депозити на корпоративниот сектор** забележаа раст од 6,6% на месечна основа. Нагорната промена пред сè е одраз на повисоките депозитни пари, при помал позитивен придонес и на долгорочните и краткорочните депозити во странска валута, во услови на пад на долгорочните и краткорочните депозити во денари. Споредено со декември минатата година, растот на вкупните депозити изнесува 13,2%, во поголем дел поради зголемените депозитни пари, при дополнителен придонес и на краткорочните депозити во странска валута и во денари и долгорочните депозити во денари.

– **Кредитите на корпоративниот сектор**[5] се зголемија за 2,2% во декември во споредба со претходниот месец, како резултат на повисоките кредити одобрени во денари и во странска валута, со поголем придонес на денарските кредити. Годишниот раст од 3,3% во целост се должи на зголеменото кредитирање во денари.





Извор: НБРСМ.

2. Депозити и кредити на домаќинствата[6]



Извор: НБРСМ.

[5] Почнувајќи од јуни 2018 година, а во согласност со новата методологија, податоците за финансиските инструменти во денари со валутна клаузула се вклучени во рамките на странската валута.
[6] За потребите на ова соопштение, домаќинствата се однесуваат на физичките лица и на самостојните вршители на дејност.

– Во овој месец, **вкупните депозити на домаќинствата** бележат месечен раст од 3,5%, што во најголем дел е резултат на зголемените депозитни пари, а во позитивна насока влијаат и долгорочните депозити во странска валута и во денари, додека краткорочните депозити во денари и во странска валута забележаа намалување. На годишна основа, депозитите на домаќинствата остварија раст од 7,9%, што се должи на повисоките долгорочни депозити во странска валута и во денари, како и депозитните пари, во услови на пад на краткорочните депозити во странска валута и во денари.

– Во декември, **кредитите на домаќинствата** остварија мал раст од 0,5% на месечно ниво и во целост е одраз на зголеменото кредитирање во странска валута. Годишниот раст на овие кредити изнесува 6,7% и во поголем дел се должи на зголеменото кредитирање во странска валута, при раст и на кредитите во денари.





Извор: НБРСМ.



Извор: НБРСМ.

Табела 2. Кредити на банките и штедилниците дадени на физичките лица, по намена

	состојба (во милиони денари)			годишна промена (во %)						месечна промена (во %)					
	12.2022	11.2023	12.2023	12.2022	3.2023	6.2023	9.2023	11.2023	12.2023	12.2022	3.2023	6.2023	9.2023	11.2023	12.2023
Потрошувачки кредити	112,504	118,571	119,868	6.3	6.2	6.2	6.0	6.1	6.5	0.7	0.9	1.1	0.4	0.7	1.1
Станбени кредити	75,905	82,728	83,891	12.7	11.7	11.3	10.7	10.3	10.5	1.2	0.8	1.4	0.8	1.0	1.4
Автомобилски кредити	358	388	399	9.1	9.9	8.6	15.5	8.3	11.4	-0.2	-0.5	4.4	-1.5	1.7	2.7
Кредитни картички	10,324	10,024	9,835	0.7	0.5	-1.3	-2.6	-3.8	-4.7	-0.9	0.4	-0.1	-0.6	-0.3	-1.9
Негативни салда по тековни сметки	5,963	6,963	6,000	1.0	-0.2	-2.6	7.9	4.8	0.6	-10.2	0.5	-4.1	-1.1	-0.7	-13.8
Други кредити	2,207	1,827	1,782	-15.5	-16.1	-17.9	-17.4	-17.8	-19.3	-0.7	-2.1	-4.2	-1.8	-2.3	-2.5

Извор: НБРСМ.

– Во декември, гледано според намената на кредитите одобрени на физичките лица, **потрошувачките и станбените кредити**, како најзастапени категории, забележаа зголемување за 1,1% и 1,4% на месечна основа, соодветно, при годишен раст од 6,5% и 10,5%, соодветно. Во декември, **автомобилските кредити** бележат месечен и годишен раст од 2,7% и 11,4%, соодветно. Овој месец, кај кредитите одобрени на **кредитни картички** е забележано месечно и годишно намалување од 1,9% и 4,7%, соодветно. Во декември, **негативните салда на тековните сметки** се намалија за 13,8% на месечна основа, додека на годишна основа остварија мал раст од 0,6%. Во декември, кредитите одобрени врз **други основи** се пониски за 2,5% и 19,3% на месечна и на годишна основа, соодветно.

***

Придружни информации

Временски серии податоци: Биланси и прегледи на депозитните институции, месечни податоци http://www.nbrm.mk/monetarna_statistika.nspx

Методолошки објаснувања:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_07_2018_mak.pdf

Информација за методолошките измени во монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Монетарни движења во Република Северна Македонија: 29 февруари 2024 година (референтен пресек заклучно со јануари 2024).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3108 430 или 02/3215-235 лок. 108/110.